Синиша ДАСКАЛОВСКИ УДК: 327.51.071.51(100-622 НАТО)

# ИСКУСТВА ОД ОТВАРАЊЕТО НА ТРЕТИОТ КРУГ НА ПРЕГОВОРИ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА СЕВЕРНОАТЛАНСКАТА АЛИЈАНСА

***Кратка содржина***

*Со поканата за приклучување на Албанија и Хрватска, отворен е третиот круг на преговори за проширување на Северноатланската алијанса во периодот од завршувањто на Студената војна па до одржувањето на НАТО самитот во Букурешт од 2 до 4 април 2008 година.*

*Во овој труд направен е обид да врз база на анализа на истражуваниот материјал а во врска со воената организација (димензионирањето,трошоците, активностите во мировните операции и др.) на земјите од Јадранската група, па и пошироко, се утврдат реалните состојби како одговор на прашањето за потребата од евентуални корекции, кои би се ставиле во функција на одбранбените потреби и интереси на Република Македонија. При тоа, се појде од сознанијата и искуствата на земјите, а во врска со воената организација од првта и втората рунда на проширување. Исто така се појде и од сознанието дека прагот на стандардите за прием се зголемувал од една до друга рунда на преговори за членство. Како и од сознанието дека од поканата до приемот, па и после приемот е оставен простор за евентуални помали дополнувања на недостатоците.*

***Клучни зборови:*** *САМИТ, ПРОШИРУВАЊЕ, НАТО, ЈАДРАНСКА ГРУПА, ВОЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА.*

## Кус историски приказ за проширувањето на НАТО

На 4 Април 1948 година во Вашингтон-САД, е конституиран Северноатланскиот сојуз-НАТО(Nort Atlantic Treaty Organization), воено-политичка организација, како одговор на одбранбено-безбедносните предизвици и ризици со кои се соочиле дел од европските држави непосредно по завршувањето на Втората светска војна. Северноатланскиот договор го потпиешале десет европски(Белгија, Холандија, Данска, Велика Британија, Исланд, Италија, Луксембург, Норвешка, Португалија и Франција) и две северноамерикански држави (САД и Канада). Договорот е составен од

преамбула и 14 члена.[1] Во Членот 10 правно-нормативно се регулира прашањето за проширувањето на Алијансата, при што се издвојува определбата да со едногласен договор може да биде поканета која било европска земја, доколку е во позиција да ги унапреди принципите на овој Договор и да придонесе за безбедноста на северноатланската област.[2] Со тоа се отвара можноста за пристапување на нови членови и ширење на сојузот, што и ќе се случи неколку години покасно. Поточно, 1952 година кон Сојузот ќе пристапат Грција и Турција, 1955 година Германија и 1982 година Шпанија. Така Севрноатланскиот сојуз од 12 ќе се зголеми на 16 земји членки во периодот на Студената војна.

Со завршувањето на Студената војна, во услови на радикални општествено-политички, општествено-економски, социјални, одбранбено-безбедносни и други промени со кои ќе бидат зафатени пред се европските земји со реал социјалистички поредок, ќе се отворат можности за нивно интегрирање со Алијансата. Се разбира дека тој процес ќе потрае неколку години, за да конечно на Самитот во Мадрид 1997 година биде упатена поканата до Чешката Република, Унгарија и Полска да отпочнат преговори за членство во Алијасата. Со тоа ќе се отвори првиот круг на преговори за проширување на Алијансата во периодот по завршувањето на Студената војна. На наредниот самит на НАТО во Вашингтон 1999 година, кругот ќе биде затворен, Алијансата ќе брои 19 члена. Вториот круг на проширување ќе биде отворен на на Прашкиот самит на НАТО во 2002 година, кога ќе бидат поканети седум држави од кои три (Естонија, Латвија и Литванија) поранешни Советски Републики, три (Бугарија, Словачка и Романија) поранешни членки на Варшавскиот пакт и една (Словенија) поранешна Југословенска Република. Неколку месеци пред одржувањето на Истамбулскиот самит на НАТО 2004 година на Алијансата ќе и се приклучат седумте поканети земји, со што ќе дојде до полн израз афирмацијата на таканаречената политика на отворена врата и тоа со историски конотации.

Како значајно за овие два круга на проширување се издвојува сознанието дека и во првиот и во вториот круг од земјите аспиранти за членство во Алијансата било барано задоволување на одредени критеријумистандарди кои ги воспоставила Алијансата. Сепак, тие се изоструваат и

[1] За Северноатланскиот договор види повеќе во: Прирачник за НАТО,2001, стр.593-596.

[2] Исто,стр.595..

зголемуваат од еден до друг круг на проширување.[3] Така, веќе со отварањето на третата рунда на проширување на Самитот на НАТО во Букурешт од 2-4 Април 2008 година се чини се најизостерни во однос на предходините две рунди на проширување, а со кој ќе се соочат државите аспиранти за влез во НАТО од познатата Јадранска група. Иако очекувањата ќе бидат да се поканат без исклучок во пакет сите три земји, тоа ќе се случи само со Хрватска и Албанија. Република Македонија нема да ја добие поканата, но ќе и биде оставено простор да го надмине проблемот околу името наметнат од Грција, со што би се оттсранил и последниот услов за добивање на поканата.

### Јадранската група во третата рунда на проширување

Јадранската повелба е потпишана од страна на официјалните преставници на Република Македонија, Хрватска, Албанија и САД на 2 мај 2003 година во Тирана со цел продлабочување на соработката на земјите од регионот и приближувањето кон стандардите на НАТО а со помош на САД. Преставува уште еден обид во низата кои што ги преземаат САД како водечка сила во Северноатланмскиот сојуз па и самиот НАТО во континуитет и тоа особено по завршувањето на Студената војна. Евидентно е дека станува збор за регионален пристап, што воедно преставува и еден од значајните принципи на проширувањето и на Европската Унија. Се разбира дека е можен и поинаков пристап во кој централно место и улога имаат поединачните оценки и прием на по една или најповеќе две држави во Алијансата, како што беше случајот во периодот на Студената војна.[4] Всушност, извесни предупредувања или сигнали беа испраќани од повеќе места и тоа посебно пред одржувањето на НАТО самитот во Рига, 2006 година и НАТО самитот во Букурешт, од 2-4 Април 2008година. Сепак, тоа не се случи, во суштина станува збор за консаталација на други сили и односи во периодот по завршувањето на Студената војна, се обликува нова конфликтна околина во чие средиште се ирегуларните и дифузни закани. Тоа бара поинаков пристап и формирање на други односи на со-

[3] Види повеќе во:NATO after Prague, NATO Office of Information and Press 1110 Brussels-Belgium, Web site: www.nato.int, p.2.

[4] Во периодот на студената војна, и тоа 1952 година на Алијансата и се приклучија Грција и Турција, во 1955година Сојузна Република Германија и во 1982 година Шпанија.

работка и проширување, различни од оние во периодот на Студената војна. За тоа сведочи и првата рунада на проширување на Алијансата кога во 1999 година ќе и се приклучат Чешката Република, Унгарија и Полска, вкупно три држави. Потоа, во Втората рунда на проширување и тоа 2004 година на Алијансата и се приклучија Бугарија, Естонија, Латвија, Литванија Романија, Словачка и Словенија, вкупно седум држави. И во третата рунда на проширување од планираните три држави поканети се две, Хрватска и Албанија. На Република Македонија и е оставен простор, односно време, и тоа најнапред до 9 Јули, а потоа се до изнаоѓањето на решиние на спорот со Грција а во врска со името. Така, се оформува сознанието дека во постудеиовиот период во три рунди на проширување на Алијансата ќе и се приклучат дванаесет, а со Р.Македонија дури и тринаесет држави и тоа за неполни две децении. Додека, во целокупниот период на Студената војна во исто толку, три рунди на проширување на Алијансата ќе и се приклучат само четири земји. Но, како што веќе констатиравме во периодот по завршувањето на Студената војна настанува нова консталација на сили и односи во светот, нова конфликтна околина која условува и нов однос кон идните партнери на безбедносно-одбранбен план. Јадранската група е составена од земји аспиранти за интеграција со НАТО кои со меѓусебна соработка и помош од САД прават обид да дадат придонес за безбедноста во регионот, што е во духот на Алијансата и новото време. Всушност, тоа е еден од деловите на мозаикот кој учествува во обликувањето на новата безбедносна архитектура. За другите делови Алијансата покажува интерес за соработка многу порано, и тоа непосредно по завршувањето на Студената војна. Имено, на НАТО самитот во Рим 1991 година донесена е Декларација за мир и соработка, и тоа со земји од областа чии цели се поистоветуваат со целите на Алијансата. Во тој контекст се издвоени земјите од Централна и Источна Европа, на кои им е понудена практична помош во реализацијата на трназицијата. Иако соработката опфаќа широк спектар на прашања, во фокусот на вниманието се оние од политичка и одбранбено-безбедносна природа.[5] На инугуративниот состанок на Севрноатланскиот совет за соработка одржан на 20 декември 1991 година учествуваа, покрај преставниците на НАТО, преставници на шест земји од Источна и Централна Европа и преставници на три балтички држави.

Воспоставувањето на Северноатланскиот совет за соработка преставува добра основа за натамошен развој на широкиот приод кон безбедноста

[5] Види поопширно во Прирачник за НАТО-2001, ц.д.стр.17-19 и 48-51.

и продлабочување на односите со сите земји во Европа кои покажуваат интерес за оваков вид на соработка. Како производ на ваквиот приод и пред се новиот стратегиски концепт на Алијансата веќе на наредниот - Самитот на НАТО во Брисел во Јануари 1994 година од страна на водачите на НАТО дадена е изјавата дека„очекуваат и ќе пожелат добредојде на проширувањето на НАТО кое би пристигнало до демократските земји на Исток".[6] Евидентно е примањето и зајакнувањето на сигналот од самитот на НАТО во 1991 година кога ќе се започне со концептот за соработка преку Северноатланскиот совет за соработка-САСС (Nort Atlantic Cooperation Council-NACC), а ќе продолжи со донесувањето на програмата Партнерство за мир на НАТО самитот во Брисел 1994 година. Програмата Партнерство за мир - ПзМ (Partnership for Peace-PfP) е во функција на подготовка на земјите аспиранти за членство во Алијансата, и тоа низ планираните специфични активности, кој се фокусирани пред се во областа на одбраната.[7] Согласно на проценките и интересот програмата Партнетство за мир ќе ја прифатат 30 земји, што преставува значаен квантум на заеинтересирани држави. Веќе на наредниот самит на НАТО, во Мадрид 1997 година ќе се покаже дека најголем прогрес во исполнувањето на задачите од програмата ќе имаат Чешката Република Полска и Унгарија кој ќе добијат покани за отпочнување на постапката за членство во Алијансата. Од аспект на нашето истражување, 1997 година е значајна и по тоа што Северноатланскиот совет за соработка ќе биде заменет со Евроатланскиот партнерски совет-ЕАПС (Eupo-Atlantic Partnership Council-EAPC), како форум кој обезбедува редовни консултации и соработка помеѓу членовите на Алијансата и земјите партнери, меѓу кои има и такви кои не се кандидати за членство во Алијансата. Сепак, овој форум и Партнерството за мир имаат пред се значајна улога во диференцијацијата на земјите кои се заинтересирани за интеграцијата со НАТО, а потоа и друга улога која е во функција на унапредувањето на безбедноста во Европа. Всушност, како производ на учеството во САСС-ЕАПС и спроведувањето на активностите од пертнерството за мир ќе дојде најнапред до покана, а потоа и до прием на Чешката Република, Унгарија и Полска[8] во Северноатланскиот сојуз и тоа на самитот во Вашингтон 1999 година. На Вашингтонскиот самит на НАТО сосема

6 The Reader's Guide to the NATO Sumimit in Washington 23-25 April 1999.p.83.

7 Види пошироко во:Прирачникот за НАТО во Глава 3, стр.74 и 75.

8 Чешката република, Полска и Унгарија, најнапред 1991 година му пристапуваат како членови на САСС а потоа 1994 година на Партнерството за мир.

јасно ќе биде дадено до знаење од лидерите на Алијансата дека Сојузот е отворен за прием на нови членови, а како „практична манифестација на Отворена врата“ ќе биде презентиран Акциониот план за членство-АПЧ (Membership Action Plan-MAP). Всушност, станува збор за програма на активности од кои земјите аспиранти ги избираат оние кои најповеќе ќе им помогнат во подготовките за влез во Алијансата. Политичките и економските прашања, одбранбено-воените прашања, ресурсите, безбедносните и правните прашања по обим и содржина ги определуваат деловите кои можат да бидат разгледувани во секој АПЧ. Земјите аспиранти во контекст на подготовките за членство во Алијансата се повикуваат да поднесат годишна национална програма, која секоја година ќе биде разгледувана од страна на министрите за надворешни работи и министрите за одбрана.[9] Словенија, Словачка, Романија, Литванија, Латвија, Естонија, Бугарија, Албанија и Република Македонија како аспиранти за влез во НАТО ќе се изјаснат за учество во МАП. Се разбира дека останува препораката за натамошно учество на аспирантите за НАТО во САСС-ЕАПС и ПзМ, на кои им се додава и АПЧ, кој не гарантира, автоматски и зачленување, но е една од скалите кои требе аспирантите да ги искачат за да се доближат до посакуваната цел, интеграција со НАТО. Од лидерите на НАТО јасно е дадено до знаење дека секоја земја претставува засебен случај чиј напредок посебно ќе се разгледува и врз основа на напредокот и задоволувањето на НАТО стандардите ќе добие покана да отпочне преговори за членство. На НАТО Самитот во Прага 2002 година, ќе бидат повикани да отпочнат преговори за членство со Алијансата седум од деветте апликанти и учесници во АПЧ, што алудира повеќе на позициите на регионалниот пристап, но во кој има и премисеи на поединечниот. Тоа крајно преставува комбинација од повеќе премиси кои ја прават целината на пристапот за прием во Алијансата. Како и да е, на НАТО самитот во Инстанбул 2004 година, Алијансата ќе го затвори Вториот круг на проширување по завршувањето на Студената војна, со една импозантна бројка од седум нови членови, што се разбира има историско значајна димензија и ќе достигне бројка од вкупно 26 земји членки.

Од аспект на нашето истражување како значајно се издвојува согледувањето дека иако Република Македонија и Албанија ќе земат обврска за учество во АПЧ, впрочем како и седумте поканети и примени земји во Алијансата, сепак нема да добијат покани, што е производ на официјалните

[9] Пошироко за Акциониот план за членство види во:The Reader’s Guide to the NATO Summit in Washington 23-25 April 1999, p.73-81.

НАТО оценки дека се недоволно подготвени за да можат да го отпочнат процесот на приклучување кон Алијансата. Од друга страна, имало и јасни сигнали дека е направен значаен исчекор кон приближувањето и дека требе да се продолжи со активностите за приближување кон Алијансата. Во таа смисла е формирана и Јадранската група од која се очекува дополнителен импулс и зајакнување на позициите за приклучување кон НАТО. Што се однесува до Хрватска, таа во овој период ќе фати приклучок и ќе земе учество во зајакнувањето на групата, истовремено силно изразувајќ и ги своите аспирации за влез во Алијансата. Ваквиот однос и се разбира пред се ангажманот и истрајноста да се достигнат НАТО стандардите веќ е на самитот на НАТО во Рига 2006 година ќе вродат со плод. Република Македонија, Албанија и Хрватска ќе бидат издвоени како земји со кои се планира идното проширување на Алијансата, и тоа со отварање на нов круг на проширување на следниот Самит во 2008 година.[10] Евидентно е дека овие три земји, без исклучок имаат зад себе багаж кој значајно влијаел врз определбата на Алијансата да ги прошири поканите за членство. Во практиката на Алијансата ваквите случаи завршуваат со покана и крајно со членство во Алијансата. Еклатантен пример се и првата и втората рунда на проширување по завршувањето на Студената војна. Исто така, како сознание се издвојува и периодот до врачувањето на поканата во кој издвоените членки требе да поработат на довршувањето на превземените реформи и надминување на воочени слабости. Така на пример во делот за Албанија централно место имаат напорите за борбата против корупцијата и организираниот криминал, а потоа се охрабрува континуираниот прогрес, особено оној во владеењето на правото и реформите во одбраната. Од Хрватска се очекува целосна соработка со Интернационалниот криминален трибунал за Поранешна Југославија, како и нејзиниот значаен прогрес во политиката, економијата, владењето на правото и реформите во одбраната, кои мораат да бидат усвоени. И како последна во редоследот, на Република Македонија и се порачува, јаките напори за подобрување на политиката, економијата, одбраната, владеењето на правото мораат да бидат докрај завршени.[11] Од сето ова а во врска со Јадранската група, се оформува сознанието дека ја достигнала границата на зрелост за да биде третирана како гупа која ќе добие покана и тоа на наредниот самит за да отпочне преговори

[10] Види пошироко во: Декларацијата на самитот во Рига, точка 30. Riga Summit Declaration. www.nato.int/docu/ 2006.

[11] Исто, точка 31,32 и 33.

за членство со Алијансата. И токму тоа е во фокусот на нашето внимание и анализа која понатаму ќе ја продлабочиме со посебен осврт на секоја единка посебно.

**Албанија**

Како производ на еден релативно долг процес на соработка, дијалог и партнерство помеѓу Алијансата и Албанија на Самитот во Рига од страна на лидерите на Алијансата ќе биде планирано идното проширување на Алијансата со земјите од Јадранската група, меѓу кои и Албанија. Всушност, Албанија е прва од земјите на Јадранската група која веќе во март 1992 година ќе му се приклучи на Северноатланскиот совет, формиран како нов консултативен форум на НАТО со земјите од Источна и Централна Европа и тоа во декември 1991 година. Воспоставениот дијалог и соработка на Албанија со Алијансата во нејзиниот ран период, ќе придонесе во голема мера Албанија да стане членка со формирањето на програмата Партнерсто за мир и тоа во 1994 година. Слична ако не и идентична епизода ќе се одигра и при формирањето на Акциониот план за членсто 1999 година, кога Албанија заедно со уште неколку европски земји,[12] меѓу кои и Македонија, веднаш ќе и се приклучи на програмата. АПЧ предвидува изработка на годишна програма за членство која се повторува се до моментот на исполнувањето на стандардите кои ги предвидува Алијансата. До 2006 година Албанија веќе има сработено неколку ГНПЧ (Годишна национална програма за членство) кој дозволуваат на Самитот во Рига да биде планирана како дел од Јадранската група со која на наредниот самит ќе се отпочнат преговори за проширување на Алијансата. Во таа смисла се издвојуваат постигнатите резултати во скоро сите реформирани области. Така на пример во делот за одбрана и посебно вооружените сили, масовната и гломазна армија со 40,000 активен дел и 155,000 резервен состав во почетокот на транзицијата,[13] се трансформира во мала и професионална армија со 21,500 активен дел во чији состав сеуште има воени обврзници кој служат 12 месеци, без резервен состав и 500 припадници на паравоените сили, и тоа непосредно пред одржувањето на НАТО самитот во Рига.[14] Споредбено

[12] Види пошироко во: The Military Balance 2006, London, 2006, p.55: The IISS.

[13] The Military Balance 1992-1993, London 1992, p.68: The IISS.

[14] The Military Balance 2006, London 2006, p.113: The IISS.

со НАТО земјите ова преставува значен исчекор кон НАТО, но кој сеуште има потреба од продолжување на реформите во оваа сфера. Така на пример, можно е натамошно намалување на димензиите на активниот дел до 0,4, односно 0,3 % зафаќање од популацијата, како што е случајот со најголем дел од НАТО-земјите. Потоа можни се зголемувања на квантумот на паравоените сили кој зафаќаат до 10% од целокупниот квантум на вооружените сили, во кој резервниот состав е скоро идентичен со активниот дел, [15] што не е случај кај Албанија. Тоа се разбира се релации во рамките на НАТО а каде вооружените сили на Албанија можат да се движат. Понатаму, одбранбениот буџет од 116 милиони САД $, иако ќе бележи извесно наголемување, сепак преставува 1,34% зафаќање од бруто домашниот производ, што крајно подразбира натамошно зголемување до 2% од БДП како препорака од НАТО. Од анализата на земјите членки на НАТО а во врска со одбранбениот буџет се воочува дека и кај некои од нив има помали зафаќања од 2%. Но, требе да се земе во обзир пред се колкав е БДП, и понатаму може да се прејде на една друга категорија, per capita- трошоци по глава на секој жител. Во секој случај има место за различни опции, но во основа и понатаму да се зголемува одбранбениот буџет до 2% од БДП. Слична ситуација имаме и со инфлацијата која е 2,4% и може да трпи мала корекција во смисла на намалување под 2%, а растот на годишно ниво од 5,5% е на завидно и прифатливо за НАТО ниво. Ако кон сето ова го додадеме и значајното учеството од 167 распоредени сили во мировните операции и трендот на следењето на промените во НАТО и нивно инкорпорирае во своите одбранбени структури, тогаш сликата за добивање на третманот како возможен кандидат за членство во НАТО станува појасна.

## Хрватска

Во рамките на експанзијата на НАТО, најнапред, Хрватска ќе му пристапи на Евроатланскиот партнерски совет, претходно САСС и тоа во 2000 година. Истата година ќе пристапии и кон програмата Партнерство за мир, и во 2002 година кон Акциониот план за членство. Ова укажува на фактот дека Хрватска се до крајот на дваесетиот век ќе има многу мал удел во експанзијата на НАТО, што е производ на влијанието на низа екстерни и интерни фактори и пред се вооружениот конфликт со кој ќе биде

[15] Види: Табела

преокупирана повеќе години. И се така до 2000 година од кога го започнува походот кон Алијансата и тоа со силен интензитет. Интензитетот се зајакнува со пристапувањето кон Акциониот план за членство во 2002 година и Јадранската група во 2003 година. Непосредно пред одржувањето на НАТО самитот во Рига хрватската вооружена сила во својот состав ќе има активен дел од 20,800, резерва од 108,000 и парамилитарни сили од 10,000 или вкупно 139,700 припадници на вооружените сили.[16] Пресметаниот процентуален однос на зафаќање на секој дел посебно во рамките на вооружените сили изнесува: 16 % АВС, 77% резерва и 7% паравоени сили. За споредба овие релации кај НАТО се 44-46-10 %, што укажува на фактот дека доколку Хрватска сака да ги достигне потребно е натамоишно реформирање на вооружените сили, поради усогласувањето со трендот на НАТО вооружените сили. Понатаму, доколку се пресмета процентуалното зафаќање на активата од населението ќе добиеме резултат дека тоа изнесува 0,5 %, што е во рамките на НАТО и трпи сосема мала корекција за да дојде до на пример како што имаат најголем дел од земјите на НАТО и тоа 0,3-0,4 % од населението. Евидентно е дека диспропорцијата е предизвикана од процентуалното зафаќање на резервниот состав кое изнесува 2,4 % од населението, и тоа може да трпи значајни намалувања, што не е случај со паравоените сили кои можат и да се зголемат за извесен процент достигнувајќи 10 % од вкупната вооружена сила. Во однос на одбранбениот буџет, издвоените 626 милиони САД $, зафаќаат 1,6 % од БДП, што трпи натамошно зголемување до 2% од БДП планирани од НАТО. Но, тоа воопшто не ја намалува значајноста на издвојувањата кој отпаѓаат по глава на жител а изнесуваат 139 милиони САД $. Ова, дотолку повеќе што и извесен број на земји членки на НАТО се со помали издвојувања по глава на жител.[17] Од другите показатели се издвојува инфлацијата со 3,3 % и растот од 3,3 %, што исто така трпи извесни корекции и тоа најповеќе за инфлацијата која би требело да се намалува до ниво испод 2,9 %. И како значајно, иако незначително сепак Хрватска во годината пред самитот во Рига ќе има распоредено во мировни мисии 72 лица, и сериозни планови за понатамошно интезивно следење на современиот развој на Алијансата и негово инкорпорирање согласно посебноста во рамките на својот одбранбено-безбедносен систем.

---

[16] Исто, стр.120.

[17] Види пошироко во истиот извор, стр.62,85,86, 96, 398 и 399.

## Македонија

Низ призмата на НАТО експанзијата, за Република Македонија мошне значајна е 1995 година кога ќе пристапи кон Северноатланскиот совет за соработка и кон програмата Партнерство за мир. Воспоставениот дијалог, соработка и пратнерство со Алијансата, благопријатно ќе влијае врз определбата Република Македонија со формирањето на Акциониот план за членство во 1999 година, постане негов конститутивен дел. Со изработката на Годишната програма за членство која произлегува од АПЧ, а после оценката во Брисел, Републиката ќе има увид во сработеното и што требе понатаму да се сработи на патот кон задоволувањето на стандардите на НАТО. Во годината на одржувањето на самитот на НАТО во Рига, Републиката ќе ја има сработено седмата по ред годишна програма за членство. Ова во голема мера ќе придонесе Републиката значајно да се приближи кон остварувањето на стандардите на НАТО во деловите кои го прават мозаикот на АПЧ. И како производ на тоа лидерите на Алијансата од Рига ќе испратат јасен сигнал за Република Македонија и другите две членки од Јадранската група дека планираат отпочнување на процес за проширување на Алијансата веќе на следниот самит во 2008 година. Евидентно е дека Република Македонија значајно се приближила до остварувањето на стандардите за влез во Алијансата и тоа во 2006 година, кога според податоците на Лондонскиот институт са стратегиски истрачувања„The Military Balance -2006 Активниот дел на вооружените сили има 10,890 припадници, резервата 21,000 и 7,600 паравоени сили.[18] Пресметаниот процентуален однос на овие три дела од вооружените сили изнесува 28-53-19, што е различно од средниот процентуален однос на зафаќање во рамките на НАТО кој изнесува 44-46-10 %. Лесно се воочува дека се потребни извесни корекции кај Р.Македонија, за што е свесен и НАТО, и поради тоа дава извесен период на поблиско прилагодување, како во случајот со Јадранската група и тоа од Рига до Букурешт. Но, најнапред за активниот дел со прикажани 10,890 припадници, доколку се пресмета процентуалното зафаќање од населението, тоа изнесува 0,5%, што во однос на зафаќањата на АВС во Алијансата кој за најголем број на земји изнесува од 0,3-0,4 % трпи сосема мали корекции. Во однос на резервниот состав, кој требе да е нешто поголем во однос на АВС во НАТО, може да претрпи поголеми намалувања со кои ќе се приближи до АВС и паравоените сили да се корегираат до

[18] The Military Balance 2006, London, 2006, p.128: The IISS.

процент од вкупните зафаќања на вооружената сила, не поголем од 10%. Понатаму, во однос на одбранбениот буџет од 130 милиони САД $ Републиката одвојува повеќе од 2% зафаќања од БДП, што е над заложбите на НАТО за зафаќања од 2% од БДП. Слична е и состојбата со инфлацијата од 0,6 % и растот од 3,8%, што ги задоволува стандардите на НАТО. Кога кон сето ова се додадат и планот за трансформација на вооружените сили и учеството во мировните операции, тогаш се повеќе се затвара кругот на обврски, а ја отвара вратата за отпочнување на процесот за проширување. Поконкретно во Белата книга за одбраната, од октомври 2005 година стои дека: „АРМ ќе има активен состав од 7.696 лица и транзиционен резервен состав од 4,850 лица,[19] што е апосолутно во рамките на НАТО стандардите и тоа посебно активниот дел. Во однос на учеството во безбедносните мисии на НАТО, ќе биде издвоено од страна на потпреседателот на САД Дик Чејни како фатор кој ќе ја оформи поддршката на САД за влез во НАТО и ЕУ, и тоа неколку месеци пред одржувањето на самитот на НАТО во Рига.[20] Се разбира дека пред одржувањето на Самитот во Рига се среќаваат и поинакви размислувања, опомени и предлози, што уште требе да се направи, па и размисли околу тоа дали да се аплицира за проширувањето на НАТО. Сепак, преовладуваат официјалните и тоа пред се од лидерот на Алијансата, САД, но и анализата на Лондонскиот институт за стратегиски студии од 2006 година, а за делот кој се однесува на експанзијата на НАТО во кој замјите од Јадранската група се издвојуваат како возможни кандидати за НАТО во 2008 година.[21]

Во периодот од завршувањето на НАТО самитот во Рига па до самитот во Букурешт, Албанија, Хрватска и Македонија, како прифатливи кандидати за ширењето на НАТО секоја посебно и сите заедно ќе работат на зајакнувањето на својата позиција за добивање на поканата за членство во Алијансата. Некои од нив, како на пример Р.Македонија ќе направи и чекор повеќе во спроведувањето на активностите врзани за НАТО и тоа посебно во одбранбениот дел и зголеменото учество во мировните операции.[22]

---

[19] Бела книга на одбраната, Министерство за одбрана на Република Македонија,Скопје,2005, стр.24.

[20] Дневник,понеделник,8мај 2006 година,стр.11.

[21] The Military Balanc 2006, London,2006.p.55: The IISS.

[22] Р.Македонија во 2006 година речиси тројно ќе го зголеми своето учество во ИСАФ во Авганистан, за прв пат ќе распореди единици во АЛТЕА во Босна и Херцеговина, ќе преземе дел од функциите на НАТО штабот во Скопје и ќе ја продолжи мисијата во Ирак. Според ГНПЧ 2006-2007 бројот на ангажираниот персонал во мировни мисии изнесувал 174. Види:Министерство за одбрана на Република Македонија, ГНПЧ во

Се разбира дека прогрес е направен и во рамките на другите делови од ГНПЧ,[23] за што во целина е формирано сознанието и усвоена Резолуција од страна на Парламентарното собрание на НАТО, како подршка на членството во НАТО на земјите од групата А3 (Албанија, Хрватска и Р. Македонија) и тоа во Рејкјавик, октомври 2007година, неколку месеци пред одржувањето на НАТО самитот во Букурешт. Со тоа се чини дека е направен и последниот филтер, после кој би требело да следи и формално отпочнување на процесот на проширување на Алијансата. Сепак, тоа нема да се случи, на самитот во Букурешт ќе бидат поканети две од трите земји на Јадранската група. Направен е преседан, за кој е свесна Алијансата, која од една страна ќе го испочитува правото на вето, а од друга ќе препорача и време и скратена постапка за врачување на покана за членство и на третата земја од Јадранската група, на Р. Македонија.

Сето ова, јасно укажува на фактот дека земјите апликанти требе да бидат подготвени да поред стандардните критериуми се соочат и со нови предизвици се до нивното интегрирање во Алијансата. Со тоа, уште еднаш се покажа дека корпусот на прашањата за експанзијата на НАТО не е затворен, напротив, тој е отворен и се разбира продлабочен и дава една аналитичка подлога за превземање на натамошни, континуирани истражувачки зафати.

---

НАТО:2006-2007 година,септември 2006, стр.56. Непосредно пред одржувањето на Парламентарното собрание на НАТО во Рејкјавик,Македонија ќе придонесува со 202 лица во мировни мисии. Види:ГНПЧ во НАТО2007-2008 година, Министерство за одбрана на Р.Македонија, Септември 2007,Поглавје-2, стр.3

[23] Види пошироко: ГНПЧ во НАТО:2007-2008, ц.д.

## Заклучни согледувања

1. Од кусиот историски приказ на проширувањето на НАТО, се оформува сознанието дека е можно условно да се направи поделба на проширувањето и тоа на два дела. Првиот дел ќе го опфати проширувањето во периодот на Студената војна и Вториот период по завршувањето на Студената војна.
2. За првиод период на проширување како значајно се издвојува сознанието дека тоа се остварува низ три рунди на проширување и тоа со по една земја аспирант во првите две рунди и две земји во третата рунда на проширување. Станува збор за земји кои имаат исти идеолошко политички предзнак и кои требе да ги задоволат воглавно општите критериуми кои произлегуваат од членот 10 на Северноатланскиот договор.
3. За вториод период на проширување на Алијансата како значајно се оформува сознанието дека за релативно кратко време во кое се надминати идеолошко - политичките небулози се отворени три круга на проширување, од кои два се затворени со прием на десет земји во пакет и тоа три во првиот и седум во вториот и третиот круг до денес-јуни 2008година, се уште не затворен во кој се поканети две земји со отворена можност да биде поканета и трета земја-Р.Македонија, доколку се надмине проблемот наметанат од Грција а во врска со името.
4. Во однос на експанзијата на НАТО се оформи сознанието дека постепено и континуирано ќе се формираат форуми и прогарми во кои низ соработка, дијалог и партнерство со земјите аспиранти ќе се воспоставаат односи и критериуми кои ќе требе да се исполнат за да се стекнат услови за прием во Алијансата. Уште еднаш се покажа дека со одминување на времето и критериумите се усложнуваат и со тоа го отежнуваат патот кон приемот во членството. Така најтешко ќе поминат земјите аспиранти од А3 групата кои го отворија третиот круг на проширување на Алијансата.
5. Исто така се оформува и сознанието дека поред најзначајните за експанзијата на НАТО форуми и програми-САСС, ПзМ и АПЧ, се воспоставени и други форуми и програми кои се во функција на одбраната и зајакнување на безбедноста во Евроатланскиот регион. Се покажа дека со исполнувањето на критериумите и обврските од

САСС, ПзМ и АПЧ, се отвара можноста за отпочнување на процесот за преговори за приклучување кон Алијансата. Во првата фаза се оди дури дотаму како во случајот со А3 групата што непосредно пред да отпочне процесот на приклучување се посочат како возможни кандидати кој требе да добијат покана на следниот Самит.

6. На самитот во Букурешт се покажа дека Алијансата ќе го испочитува востановеното право на вето и покрај тоа што нема да има забелешка на критеријумите како еден од најзначајните услови за врачување на поканата за членство.

7. За Република Македонија како значајно се издвојува сознанието дека со исполнувањето на критериумите направила голем исчекор кон реализацијата на стратегиската цел за интеграција со Алијансата. Тоа обврзува да опстојува на тој курс па и да го унапредува водејќи при тоа сметка и за македонската посебност во услови кога не може да смета на услугите на Алијансата како нејзина членка. Тоа за воената организација посебно е значајно и во таа смисла се препорачува остварување на релации помеѓу авс-резервниот состав и парами-литарните сили од 45-45-10 % како во НАТО воените структури. Исто така се препорачува разгледување на можноста од зголемување на трошоците за одбрана по глава на жител, иако процентуалното зафаќање од 2,3 % до планирани 2,7% ги задоволува критериумите на НАТО. Во однос на учеството во мировните операции се оформува сознанието дека тие се на завидно ниво и тој тренд требе да продолжи, како што требе да се продолжи со транзицијата на вооружените сили до ниво на остварување на целосна компатабилност со вооружените сили на НАТО.

(Рецензент: *проф. д-р Димитар Мирчев*)

Табела: Односот на активните, резервниот состав и паравоените НАТО вооружени сили, 2006

| НАТО | Актива (000)* | Резерва (000) * | Парамил. (000)* | А во % ** | Р во %** | П во %** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Белгија | 37 | 19 | / | 66 | 34 | / |
| Данска | 21 | 130 | / | 14 | 86 | / |
| Франција | 255 | 22 | 104 | 67 | 6 | 27 |
| Германија | 285 | 355 | / | 44,5 | 55,5 | / |
| Италија | 191 | 57 | 254 | 38 | 11 | 51 |
| Холандија | 53 | 32 | 7 | 57 | 35 | 8 |
| Норвешка | 26 | 210 | / | 11 | 90 | / |
| Португалија | 45 | 211 | 48 | 15 | 69 | 16 |
| Шпанија | 147 | 319 | 73 | 27 | 59 | 14 |
| В. Британија | 217 | 242 | / | 47 | 53 | 7 |
| САД | 1,546 | 956 | / | 62 | 38 | / |
| Чешка | 22 | / | / | 100 | / | / |
| Унгарија | 32 | 44 | 12 | 36 | 50 | 14 |
| Полска | 142 | 234 | 21 | 36 | 59 | 5 |
| Бугарија | 51 | 303 | 34 | 13 | 78 | 9 |
| Естонија | 5 | 24 | 3 | 16 | 75 | 9 |
| Латвија | 5 | 11 | / | 31 | 69 | / |
| Литванија | 14 | 7 | 15 | 39 | 19 | 42 |
| Романија | 97 | 104 | 80 | 34,5 | 37 | 28,5 |
| Словачка | 20 | 0 | 0 | 100 | / | / |
| Словенија | 7 | 20 | 5 | 22 | 62,5 | 15,6 |
| Турција | 515 | 379 | 102 | 52 | 38 | 10 |
| Луксембург | 0,9 | / | 0,612 | 60 | / | 40 |
| Исланд | / | / | / | / | / | / |
| Грција | 164 | 325 | 4 | 33 | 66 | 0,8 |
| Канада | 62 | 37 | 9 | 58 | 34 | 8 |
| **Вкупно** | **3,960** | **4,041** | **778** | **44** | **46** | **10** |

** Податоците се земени од The Militaru Balance 2006, London 2006:The IISS.*

*** Пресметани вредности изразени во проценти*

## ЛИТЕРАТУРА

Прирачник за НАТО, 2001. Office of Information and Press NATO-1110 Brussels-Belgium. ISBN 92-845-0155-5. HB0801MAC, NATO 2001.

Види повеќе во: NATO after Prague, NATO Office of Information and Press 1110 Brussels-Belgium, Web site: www.nato.int.

The Reader's Guide to the NATO Summit in Washington 23-25 April 1999.

Riga Summit Declaration, www.nato,int. /docu / 2006.

The Military Balance 2006, London,2006: The IISS.

The Military Balance 1992-1993, London,1992: The IISS.

Бела книга на одбраната, Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје, 2005.

„Чејни ја подржа Јадранската група за влез во НАТО и во ЕУ ", Дневник 8 Мај 2006.

Министерство за одбрана на Република Македонија, Годишна национална програма за подготовки на Република Македонија за членство во НАТО: 2006-2007.

Министерство за одбрана на Република Мкаедонија, Годишна национална програма за подготовки на Република Македонија за членство во НАТО: 2007-2008 година, Септември, 2007.

Siniša DASKALOVSKI

# THE EXPERIENCE FROM THE OPENING OF THE THIRD CYCLE NEGOTIATIONS FOR ENLARGEMENT OF THE NORT ATLANTIC ORGANIZATION

## Summary

With the invitation of Albania and Croatia to join the Alliance, the new third cycle of negotiations is being opened for enlargement of the Northatlantic Alliance from the end of the cold war until the NATO Summit in Bucurest, from 2nd to 4th April 2008.

In this paper an effort has been made on the basis of analysis of the researched material and in connection with the military organization (proportions, expences, aktivities in the peace operations, etc.) of the countries from the Adriatic Group, and wider, to state the real situations as response to the question for need of possible corrections, which will be put in function of the defence needs and interests of the Republic of Macedonia. The starting points were tha awarenes and experiences of the countries and in connection with the military organization of the first and second round of enlargement. Also we started from the knowledge that the benchmarks of standards for acceptance had increased from one to another round of negotiations for membership. There was also awareness that from the invitation for becoming member state and after its acceptance, there was space for possible corrections and additions.

**Key words:** Summit, enlargement, NATO, Adriatic Group, military organization.